| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашни животни |
| **Содржина на денот** | Животните од селскиот двор |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема – Како и зошто треба да ги празнуваме празниците во кругот на нашето најтесно семејство. |
| **Активности** | За денешна активност со Вашето дете може да одберете да го запознаете со домашните животни. Светот на животните е многу интересен за децата и тие уште од најрана возраст пројавуваат интерес за нив. За подобро децата да добијат престава за изгледот на животните може да користите слики и детски енциклопедии кои ги имате во домот. Додека разговарате опишувајте ги животните (боја, големина, крзно...), именувајте ги,опишете ги нивните живеалишта,корист а на човекот,како и со што се хранат. Како дополнување за проширување на сознанијата на децата може на интернет да пронајдете детски едукативни емисии за домашни животни.<br>Во продолжение може да играте дидактичка игра – „Пронајди го парот на животното“. Користете слики од домашни животни. На пример овца, овен, јагне.<br>Потоа на Вашето дете понудете му да ги наслика домашните животни со водени бои. Поттикнете да опише и именува кое животно го насликало. Така ќе добиете престава за стекнатите сознанија на Вашето дете. Закачете ја сликата во собата на детето како доказ за успешно совладана активност. |